22. VI. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ[...]
## НА СОЦИЈАЛИС[...]ЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

С[...] 1989
Скопје
Број 24 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**415.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 5 јуни 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно извршување на изречената казна затвор целосно се ослободуваат осудените лица:

1. Арсов Василко Добре од Штип,
2. Абди Камил Биљал од Скопје.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Јорданов Јован Пано од Кочани, во траење од 1 месец,
2. Пецов Тодор Јане од с. Зрновци, во траење од 2 месеца.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 2 години на осуденото лице:

1. Ивановска Методија Станика, од с. Мала Црцорија, во траење од 6 месеци.

IV

Од натамошно извршување на изречената казна затвор делумно се ослободуваат осудените лица:

1. Станков Борис Драган од Скопје, во траење од 3 месеци,
2. Чачаров Јордан Вањо од Штип, во траење од 3 месеци,
3. Вездишти Емин Ведат од Призрен, во траење од 4 месеци,
4. Цветановски Благоја Стевче од с. Живиње, во траење од 9 месеци,
5. Николов Љубиша Сашо од Скопје, во траење од 1 година.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-562
5 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

---

**416.**

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 28/87), и член 6 од Законот за општествената контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА МЕРКА НА НЕПОСРЕДНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ — ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЦЕНИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Цените на учебниците за основното и средното насочено образование можат да се зголемуваат врз основа на согласност на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

2. Барањето за давање согласност на цените за производите од точка 1 од оваа одлука, организациите на здружен труд го поднесуваат до Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар, во два примероци.

Барањето од став 1 на оваа точка ги содржи следниве податоци:

1) фирма, односно назив и седиште на производните организации и матичен број под кој се води во Службата на општественото книговодство и назив и шифра на подгрупа на дејноста;

2) назив и шифра (матичен број) на банката кај која производната организација има одобрен кредит на обртни средства;

3) цената на која се бара согласност со наведување на постојната цена, процентот на бараното зголемување на цените и условите на продажба;

4) податоци за продуктивноста на трудот: физичкиот обем на производството по вработен работник, коефициент на обртот на обртните средства во последниот пресметковен период на тековната година (вкупен приход во однос на просечно користените обртни средства) изразен во индекс на тековниот период, пред поднесувањето на барањето во однос на истиот период од претходната година;

6) структурата на постојната цена при изработка на производите за кои се бара согласност (процентот на учеството на амортизацијата, енергијата, основниот материјал и суровини, натамошниот материјал и останатите трошоци во структурата на постојната цена и процентот на порастот на сите наведени елементи од последното зголемување на цените до моментот на поднесувањето на барањето);

7) залихите на готовите производи или група производи за кои се бара согласност во моментот на поднесувањето на барањето за давање согласност на цените

3. Ако барањето за давање согласност не ги содржи податоците од точка 3 на оваа одлука, Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар во рок од осум дена од денот на приемот на барањето ќе побара дополнување на барањето.

Ако организацијата на здружен труд не го достави бараното дополнување, ќе се смета барањето дека не е поднесено. за што Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар писмено ќе ја извести организацијата на здружен труд.

4. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство туризам и пазар ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

5. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на цените на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ“ бр. 49/88).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1282/1
8 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**417.**

Врз основа на член 60, став 3 од Законот за игрите на среќа и забавните игри на автомати („Службен весник на СРМ“ бр. 17/87 и 26/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ НА АВТОМАТИ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства од игрите на среќа и од забавните игри на автомати уплатени на посебната републичка сметка, по одделни корисници и намени, во вкупен износ од 300 милиони динари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат на:

| | |
|---|---|
| 1. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита: — за финансирање на социјалната заштита | 80.000.000 дин. |
| 2. Републичката конференција на социјално хуманитарните организации: — за финансирање на програмите на социјално-хуманитарните организации | 50.000.000 дин. |
| 3. Црвен крст на Македонија: — за финансирање на програмата на Црвениот крст на Македонија | 40.000.000 дин. |
| 4. Републичката самоуправна интересна заедница за физичка култура: — за финансирање на врвното спортско творештво и за масовна физичка култура | 70.000.000 дин. |
| 5. Сојузот на организациите за техничка култура — Народна техника на Македонија: — за финансирање на програмата на техничката култура | 30.000.000 дин. |
| 6. Републичка конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија: — за финансирање научно-истражувачки работни акции и воспитно-рекреативните активности на младите | 30.000.000 дин. |

Член 3

Оваа одлука ќе ја извршува Републичкиот секретаријат за финансии, а според динамиката на приливот на средствата на посебната републичка сметка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1236/1
8 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**418.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ број 50/88) и член 83 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, ДОГРАДБА, АДАПТАЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ЗГРАДИ И КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за користење на средства за изградба, доградба, адаптација и опремување на правосудните згради и казнено-поправните установи за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 15/89) во делот 1 под а) точка 1 бројот „300.000.000“ се заменува со бројот „550.000.000“; точката б) се брише, а точките е) и г) стануваат точки б) и в).

Член 2

Во делот III се бришат зборовите „под б) точка 10“).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1236/1
8 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**419.**

Врз основа на член 8 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ бр. 40/87) и член 19 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „25 Мај“, Одборот за доделување на наградата „25 Мај“, на седницата одржана на 5 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „25 МАЈ“ ЗА 1988 ГОДИНА

I

Наградата „25 Мај“ како општествено признание за особено значајни остварувања од интерес на Социјалистичка Република Македонија во областа на спортот, физичката и техничката култура, за 1988 година, се доделува на:

1. Чедо Николовски, борач во слободен стил, за остварени врвни спортски резултати.

Чедо Николовски, член на Боречкиот клуб „Вардар“ во Скопје, е младински првак на Југославија во 1976, 1977 и 1978 година, сениорски првак на Југославија од 1981 до 1988 година. Стандарден член е на Југословенската репрезентација во борење слободен стил. Настапувал на повеќе европски и светски првенства во младинска и сениорска конкуренција, како и на Олимпијадата Сеул '89. Има освојувано 6-ти и 7-ми места на светски и европски првенства, освојувано медали на меѓународни критериумски натпревари и победник на меѓународниот турнир „Македонски бисер“ во 1987 и 1988 година. Во 1988 година е државен првак во сениорска конкуренција. Како член на олимписката репрезентација во слободен стил во Сеул го освои 10-тото место со две победи и еден пораз. За постигнатите резултати во 1988 година рангиран е на второ место меѓу десетте најуспешни спортисти во СР Македонија.

2. Наташа Мешковска, пливачка, за остварени врвни спортски резултати.

Наташа Мешковска, член на Академско пливачкиот клуб „Студент“ е најуспешна пливачка во историјата во овој спорт во нашата Република. Прв државен првак од СР Македонија во сениорска конкуренција. Таа е апсолутна рекордерка во 12 од вкупно 16 пливачки дисциплини во 25 метарски и 50 метарски базен. Резултатите кои ги постигнува во дисциплините 100 и 200 метри делфин, ја вбројуваат меѓу најдобрите пливачки во нашата земја на натпреварите во пионерска, младинска и сениорска кон-

куренција. Во последните неколку години таа е постојан член на државната репрезентација и со успех ги бранеше боите на југословенската репрезентација во младинска конкуренција на балканските и европските првенства. Во 1988 година има успешни настапи во зимската и летната пливачка сезона во дисциплините 100 и 200 метри делфин, како и на сојузните и меѓународните критериумски натпревари во младинска и сениорска конкуренција. На меѓународните натпревари има освоено 1 златен и 2 сребрени медали. Како државен првак, во 1988 година ги бранеше боите на сениорската пливачка репрезентација на Југославија, на балканското сениорско првенство што се одржа во Букурешт.

3. Младинско-спортско друштво „Скопје", за повеќегодишна успешна и континуирана активност во областа на спортот и физичката култура.

Младинското спортско друштво „Скопје" е формирано во 1960 година. Во изминатите три децении од своето постоење дава значаен придонес за развојот, унапредувањето и афирмацијата на спортот и физичката култура во СР Македонија. Младинското спортско друштво „Скопје" е едно од најмасовните и најуспешните спортски друштва во Републиката и во нашата земја. Во него се здружени 12 спортски клубови (атлетски, боксерски, боречки, велосипедски, кошаркарски машка екипа, кошаркарски (женска екипа), одбојкарски, стрелачки, ракометен, столно-тениски (мажи, жени), фудбалски и хокејски клуб), со 14 екипи во машка и женска конкуренција. Во него преку организирана спортска активност се вклучени околу 700 спортисти и над 150 спортски работници и општественици. Спортистите и спортските екипи на ова друштво имаат постигнато значајни спортски резултати во рамките на републичките, сојузните, балканските, медитеранските, европските, светските манифестации, и олимписките игри. Тоа, особено се однесува на боречките, атлетските, кошаркарските, ракометните и боксерските екипи и спортисти кои имаат освоено 20 златни, 15 сребрени и 11 бронзени медали во меѓународните спортски манифестации.

4. Стојче Дојчиновски, за остварување во областа на техничката култура.

Стојче Дојчиновски, како член на организацијата на Народна техника на Македонија 42 години континуирано и активно дејствува на полето на унапредувањето на техничката култура во СР Македонија. Автор е на првите трудови од областа на техничката култура во СР Македонија. Досега има објавено покрај книгата за техничкото творештво над 400 прилози во научните, стручните и други списанија од областа на техничката култура, научно-техничката и работно производствено творештво и за иновациската дејност. Посебно е значајна неговата активност во развојот на техничката култура како фактор за професионално насочување, зголемување на продуктивноста на трудот, откривање и стимулирање на талентирани млади, создавање на систем за техничката култура, како и за поврзување на образованието преку создавање на специфични организирани облици на делување на народна техника, како што се Сојузот на клубовите на младите техничари и природњаци, движењето, Науката на младите и ученичките задруги.

II

Наградата „25 Мај" на добитниците по оваа одлука ќе им биде врачена на свечен начин на 25 мај 1989 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 53
5 мај 1989 година
Скопје

Претседател на одборот,
**Бранко Азески,** с. р.

**420.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 35-а став 2 алинеја 2 и став 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за стручно оспособување и усовршување на работниците, донесена од Одборот за привремени мерки при Здравствената работна организација Медицински центар во Охрид, на седницата одржана на 18 мај 1988 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Охрид за оценување уставноста и законитоста на член 35-а став 2 алинеја 4 и 5, став 6, 7, 8 и 9 и член 35-б став 2 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот Медицински центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Охрид, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука затоа што: во член 35-а став 2 алинеја 2 и став 4 се вреднува само работното искуство во означениот Медицински центар, што не било во согласност со уставното начело на еднаквост и член 181 во Законот за здравствена заштита; во член 35-а став 2 алинеја 4 и 5 и став 6 и 7 се предвидени и вреднувани основите залагање во работата и покажан интерес и склоност за соодветната гранка на медицината за која се конкурира, без притоа да се предвидени објективизирани показатели за нивно утврдување; во став 8 и 9 од овој член е предвидено мислење за залагањето во работата да дава раководителот на организационата единица во која е распореден кандидатот, а за покажаниот интерес и склоност за соодветната гранка на медицината за која конкурира мислење да дава раководителот на организационата единица за кој се донесува специјализација, што не било во согласност со Законот, и што во член 35-б став 2 од оспорената одлука, покрај предвидениот во Законот се утврдува друг дополнителен критериум за утврдувањето приоритет под еднакви услови.

5. На седницата, Судот утврди дека оспорената одлука е донесена од Одборот за привремени мерки при Здравствената работна организација Медицински центар во Охрид во смисла на член 144 и 145 од Уставот на СР Македонија и член 612 и 615 од Законот за здружениот труд и член 22 став 1 и 2 од Законот за привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 22/85).

Понатаму, Судот утврди дека во член 35-а став 2 алинеја 2 и став 4 од Одлуката е предвидено да се вреднува само работното искуство стекнато во означениот Медицински центар.

Според член 181 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85 и 50/87) на здравствените работници и здравствени соработници им се одобрува специјализација, покрај другото ако имаат најмалку една година искуство во спроведувањето на здравствената заштита, производство и промет на лекови или во орган на управата надлежен за работите од здравството, по положувањето на стручниот испит.

Со оглед на тоа што во член 35-а став 2 алинеја 2 и став 4 од Одлуката се вреднува само работниот стаж стекнат во означениот Медицински центар, со што доаѓа до исклучување од вреднувањето на кандидатите кои својот стаж, односно искуство го стекнале во други соодветни органи и организации, Судот утврди дека тој не е во согласност со означениот член од Законот за здравствена заштита.

6. Понатаму, Судот утврди дека во член 35-а став 2 алинеја 4 и 9 и став 6 и 7 од Одлуката се предвидени и вреднувани основите залагање на кандидатите во извршување на работите и работните задачи и покажан интерес и склоност за соодветната гранка на медицината за која конкурирале.

Според член 181 став 2 од Законот за здравствена заштита здравствените организации и другите самоуправни организации и заедници со самоуправен општ акт ги утврдуваат критериумите и постапката за избор на кандидати за специјализација.

Од изнесенава законска одредба произлегува дека е самоуправно право на работниците да ги утврдат критериумите и постапката за избор на кандидати за специјализација, па во тие рамки според мислењето на Судот залагањето на кандидатите во извршувањето на работите и работните задачи и покажаниот интерес и склоност за соодветната гранка на медицината за која конкурирале можат да ги предвидат како дополнителен критериум за утврдување приоритет за специјализација.

Според член 135 став 2 од Законот за здружениот труд за поединечните права и обврски на работниците одлучува работничкиот совет или, пак, комисија која тој ќе ја формира.

Според член пак, 136 став 1 од овој закон, покрај работоводниот орган мислење за придонесот на работникот во работата можат да даваат и работниците со посебни овластувања и одговорности под услови и начин утврдени во самоуправниот општ акт.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај вреднувањето по означените критериуми го врши посебна комисија, врз основа на мислење на раководителот, на соодветната организациона единица, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за спротивноста на член 35-а став 8 и 9 од Одлуката со означените одредби од Законот за здружениот труд.

Што се однесува, пак, до наводот во предлогот дека мислењето за залагањето на работата и покажаниот интерес и склоност за гранката на медицината за која се бара специјализација не треба да го даваат раководителите предвидени во Одлуката, Судот смета дека е тоа прашање на организација во службата на Медицинскиот центар, што се уредува со самоуправен општ акт, во смисла на член 136 став 1 од Законот за здружениот труд.

8. На седницата Судот утврди дека во член 35-а став 2 од Одлуката е предвидено дека во случај кога по критериумот работа во здравствена станица на село не можел да биде утврден приоритетот предност имаат кандидатите кои се вреднувани со повеќе бодови по критериумите покажан интерес и склоност за соодветната гранка на медицината за која се конкурира.

Според член 181 став 3 од Законот за здравствена заштита, под еднакви услови предност при одобрување на специјализација има здравствениот работник, кој поминал три години на работа во здравствена станица на село.

Тргнувајќи од член 181 став 2 од овој Закон Судот смета дека здравствените организации, можат во случај кога не може да се утврди предност ни според критериумот работа на село да можат да предвидат и други дополнителни критериуми.

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на член 35-б став 2 од Одлуката со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 190/88
5 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**421.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 10 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за усвојување на измените на Планот за реализација на град Делчево бр. 0801-645, донесена од Собранието на општината Делчево на 25 мај 1981 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општината Делчево“.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 169/88 од 1 март 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што таа не била донесена според постапката предвидена со Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85).

4. На седницата Судот утврди дека со Одлуката се вршат измени на Урбанистичкиот план на Делчево, што се состојат во вцртување на нови локации. Исто така, Судот утврди дека по оспорената одлука, во фазата на нацрт на планот, бил обезбеден јавен увид, со можност работните луѓе и граѓаните своите мислења и забелешки да ги изнесат во посебна книга, но не била организирана јавна расправа по нацрт на планот.

Според член 31 од законот за системот на просторното и урбанистичко планирање просторниот и урбанистичкиот план задолжително се ставаат во фазата на нацрт на план на јавен увид и јавна расправа, а постапката за обезбедување на јавен увид и јавна расправа ја утврдува собранието на општината, а со член 34 од овој закон е предвидено дека просторен односно урбанистички план донесува собранието на општествено-политичката заедница. Исто така, според член 37 став 2 од овој закон измените и дополнувањата на просторните и урбанистичките планови се вршат на начин и постапка пропишани со овој закон за нивното донесување.

Од изнесените законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека измените и дополнувањата на урбанистичките планови се вршат во постапка пропишана со законот односно во постапка со која ќе се обезбеди јавен увид и јавна расправа, како две одделни фази во донесувањето и изменувањето на урбанистичките планови.

Притоа, Судот смета дека основната суштина на јавната расправа е да се обезбеди реална претпоставка работните луѓе и граѓаните и другите субјекти во општината да учествуваат во планирањето и уредувањето на просторот за живот и работа и да учествуваат во донесување на урбанистичките планови.

Со оглед на тоа што при донесување на оспорената одлука, бил обезбеден само јавен увид, а не била организирана јавна расправа, како посебна фаза при донесување на урбанистички план, во која се обезбедува не само давање мислење и забелешки на нацртот, туку и расправа и изјаснување на граѓаните по таквите забелешки, Судот утврди дека оспорената одлука не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 169/88
10 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

422.

Уставниот суд на Македонија ,врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 10 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 16 од Правилникот за станбените односи на работниците во работната заедница на органот на управата на Собранието на општината Титов Велес, донесен со референдум на 5 март 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Органот на управата на Собранието на општината Титов Велес на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 19/89 од 15 март 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 16 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со него бил вреднуван станбениот статус на потстанарот до 2 години, со што се исклучувале од распределба на станови определена категорија работници, поради што се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со Уставот и Законот за станбени односи.

4. На седницата Судот утврди дека во член 16 од Правилникот се вреднува станбениот статус на потстанарот над 2 години и дека во Правилникот нема одредби од кои би можело да се утврди дека на работниците кои имаат поминато во потстанарски станбен статус само до 2 години ќе им се вреднува претходниот станбен статус.

5. Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Меѓутоа, Судот смета дека при самоуправното уредување на овие прашања треба да се има предвид особено уставното начело на еднаквоста изразено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија. Тоа значи дека со утврдените основи и мерила за распределба на средствата за станбена изградба, според мислењето на Судот, треба да се обезбеди учество под еднакви услови на секој работник кој засновал работен однос, применувајќи го притоа и уставното начело на заемност и солидарност, затоа што средствата за заедничка потрошувачка се издвојуваат од доходот на основната организација, во чие создавање учествуваат сите работници сразмерно на својот и вкупниот општествен труд.

Со оглед на тоа што со член 16 од Правилникот не е предвидено вреднување на станбената состојба на потстанарот, кој во тој статус поминал до 2 години, а при состојба да не се вреднува и претходниот станбен статус на тој работник, Судот утврди дека тој член не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 19/89
10 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

200.

Врз основа на член 86 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 5, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ“, бр. 45/72, 30/77, 25/84 и 7/88), Собранието на СР Македонија, Собранието на градот Скопје и собранијата на општините склучуваат

## ДОГОВОР

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Собранието на СР Македонија, Собранието на градот Скопје и собранијата на општините (во натамошниот текст: учесници во договорот) се согласија административните такси за списите и дејствијата кај органите на управата и другите државни органи, како и кај организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и заедници, општествените организации, здруженијата на граѓаните и другите организации, кога во вршењето на јавни овластувања што им се доверени со закон и со одлука на собрание на општина заснована врз закон решаваат во управните работи по барање на странките, да се плаќаат во износи утврдени со овој договор.

Член 2

Учесниците во договорот се согласија елементите за определување на административните такси, во смисла на член 1 на овој договор, списите и дејствата за кои што се плаќа такса и износите на таксите да изнесуваат и тоа за:

| Поднесок | Динари |
|---|---|
| 1. За барање, молба, предлог, пријава и други поднесоци, ако со тарифа не е пропишана друга такса | 200 |

Таксата според оваа точка не би се плаќала за дополнителните поднесоци по порано поднесените барања.

| | |
|---|---|
| 2. За жалба против решение на органите од член 2 на Законот за административните такси | 1.000 |

**Решение**

| | |
|---|---|
| 1. За секое решение за кое не е пропишана посебна такса | 1.000 |

Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според оваа точка да се плаќа онолку пати колку што има лица на кои им се врачува решението.

За решение донесено по жалба не се плаќа такса.

2. За издавање и продолжување на рокот на важењето и издавање дупликат на патна исправа за патување во странство:

1. За државјанин на СФРЈ:

| | |
|---|---|
| а) за издавање на патна исправа | 24.000 |
| б) за продолжување на рокот на важењето на патната исправа | 24.000 |
| в) за издавање на детска патна исправа | 12.000 |
| г) за издавање и продолжување на постојана патна исправа | 48.000 |
| д) за издавање на дупликат на патна исправа | 96.000 |
| ѓ) за издавање на колективна патна исправа (за секое лице) | 12.000 |
| л) за издавање на виза на патна исправа | 12.000 |
| ж) за издавање на виза на колективна патна исправа (за секое лице) | 6.000 |
| з) за деловна виза (клаузула деловно) | **12.000** |

2. За странски државјани:

а) за издавање патна исправа за лица без државјанство 24.000
б) за издавање патна исправа за бегалци 12.000
в) за издавање патен лист за странци 18.000
г) за излезно-влезна виза за едно патување 18.000
д) за излезно-влезна виза за повеќе патувања 28.800
ѓ) за излезно-влезна виза за неограничен број патувања 38.400
е) за излезна виза 12.000
ж) за одобрување на привремен престој до 3 месеци 24.000
з) за одобрување на привремен престој преку 3 месеци 48.000

3. За државјани на СФРЈ и за странски државјани:

а) за одобрение за движење и престој во граничен појас 1.500

4. За издавање на дозвола за поседување и носење на оружје 10.000

За издавање на дозвола за поседување на ловечки пушки со неолучани цевки да се плаќа такса намалена за 50% од износот утврден во оваа точка.

За дозвола за поседување на оружје да се плаќа такса според точката 1 од овој член.

Учесниците во овој договор се согласија таксата да не ја плаќаат воените лица, службените лица и органите за внатрешни работи и другите лица што држат и носат оружје според прописите на службата.

Таксата според оваа точка да не се плаќа за оружје што се наоѓа кај стрелачки организации и служби за обука и гаѓање, како и за натпреварување.

5. За акт врз основа на кој се стекнува право на самостојно вршење на дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните, како и вршење на професионална дејност 5.000

За акт врз основа на кој се стекнува право на вршење на занаетчиска дејност во села не се плаќа такса.

6. За одобрение за полагање на возачки испити, за издавање на возачка дозвола, за издавање или продолжување на важењето на сообраќајната дозвола за моторно возило или приклучно возило 2.500

1) за издавање на дупликат на возачка или сообраќајна дозвола да се плаќа такса 2.500
2) за полагање на целиот возачки испит:
а) за управување со моторни возила распоредени во категорија „А“ 2.500
б) за управување со моторни возила распоредени во категоријата „Б“ и за управување со трактор 4.000
в) за управување со моторни возила распоредени во категориите „Ц“, „Д“ и „Е“ 10.000

3) За полагање на делот на возачкиот испит што се однесува за прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата:
а) за управување со моторни возила распоредени во категоријата „А“ 1.000
б) за управување со моторни возила распоредени во категоријата „Б“ и за управување со трактор 2.000
в) за управување со моторни возила распоредени во категориите „Ц“ и „Д“ 2.500
4) За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на познавање на моторните возила распоредени во категориите „Ц“ и „Д“ 1.500
5) За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на управување со моторни возила или со трактор:
а) за управување со моторни возила, распоредени во категорија „А“ 1.500
б) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Б“ или управување со трактор 2.500
в) за управување со моторни возила распоредени во категориите „Ц“ и „Д“ 3.000

**Уверение**

1. За уверение што го издават органите ако со закон или со друг пропис не е пропишано поинаку 500
2. За дупликат на исправа за завршено школување или стручна квалификација 500
3. За уверение со кое се докажува потеклото или вредноста, количеството и квалитетот или здравствената исправност на стоки 1.500

Оваа такса нема да се плаќа на странски поштенски декларации, кои го придружуваат спроводниот лист.

**Заверка, препис и превод**

1. За заверка на потпис ракопис и препис:

а) за заверка на секој потпис 250
б) за заверка на препис, од секој полутабак за оригиналот 250

Како полутабак се подразбира лист хартија од две страни од нормален канцелариски формат или помал.

Ако ракописот односно преписот, чија заверка се врши, е напишан на странски јазик се плаќа двојна такса предвидена во потточка б) од оваа точка.

2. За заверка на превод се плаќа 30% од таксата предвидена во точката 9 на ова поглавје.

Ако органот врши превод и заверка на преводот, да се плаќа, покрај таксата предвидена во оваа точка, и такса предвидена во точката 9.

3. За заверка на план 1.500

За заверка на копија од катастарски план не се плаќа такса предвидена во оваа точка туку според точката 6 од поглавјето за катстарски такси.

4. За заверка на хелиографска копија на план (цртеж) се плаќа од целиот или започнат квадратен метар 500
5. За заверка на договорот чија вредност е:

— до 10.000.000 динари 4.000
— над 10.000.000 до 30.000.000 6.000
— над 30.000.000 до 50.000.000 10.000
— за износот над 50.000.000 динари најмногу до 15.000

6. За заверка на продолжување на рокот за важење на договор се плаќа 50% такса од износите во точка 5
7. За заверка на полномошно 300
8. За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите:

а) кога препишувањето го вршат заинтересираните лица од полутабак на оригиналот 150
б) кога препишувањето го врши органот, од полутабак на оригиналот 300
в) кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик од полутабак на оригиналот 500

9. За преводи од еден на друг јазик:
а) ако текстот на оригиналот не надминува 100 збора 500
б) ако текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 збора, ќе се плаќа за секој цел или започнат полутабак 1.500

**Катастарска такса**

1. За спроведување на сите промени во административните делови на катастарскиот операт што настанале по кој и да било основ да се плаќа такса во готово и тоа:

а) за спроведување на промени на насловната страна на постоен или новоотворен поседовен лист, како и за пренос на цели парцели од еден поседовен лист во друг, од секоја парцела 500
б) за спроведување на промени на култура и делби на парцели од секоја парцела од новата состојба 500

Таксата според потточка а) на оваа точка ја плаќа секој нов сопственик што се запишува во катастарскиот операт, како и оној сопственик на кој му се менува идеалниот сопственички дел односно сопственик во чиј поседовен лист се пренесуваат парцелите.

Таксата од оваа точка се пресметува и наплатува при поднесувањето на поднесокот — пријавата.

2. За премерувањата што се вршат по пријави, како и по пријавите во претходна постапка, а кои се однесуваат на делби на одделни парцели, групи парцели и на делби на цели поседи, вклучувајќи ги и канцелариските геодетско-технички работи во врска со тие премерувања да се плаќа такса според парцелите во нова состојба:

а) кога сопствениците на теренот сами ги омеѓиле и обележиле новите граници на делбените парцели со трајни и видливи белези 3.000
б) кога сопствениците на теренот сами не се во можност да извршат омеѓување и обележување на новите граници на делбените парцели, а физичките делови се условни површини (под условна површина се подразбира на плановите да се одреди соодветната павршина и да се пренесе на терен) 4.000
в) за физичка делба и промена во култура 3.000

3. За давање копија од катастарски планови се плаќа такса за секоја парцела 1.000

а) за копија од катастарските планови со хоризонтална претстава од еден хектар 600
б) за копија од катастарски планови со хоризонтална и вертикална претстава по еден хектар 600
в) за копирање или препишување на податоци што не се опфатени во точките 3, 4 и 5 од ова поглавје, се плаќа такса по потрошен работен час 1.500

Материјалните трошоци ги сносат барателите на копијата на катастарските планови и елаборати.

Ако копијата на плановите и натаму се умножува по хелиографски пат или на друг начин, тогаш за секој така умножен примерок се плаќа, покрај трошоците за умножување, уште и такса од 300

4. За препис од поседовни листови и други делови од катастарски операт или за изводи од нив се плаќа такса од 500

5. За препишување и копирање на податоци од теренски елаборати (елаборати на премерот):

а) за препишување и копирање на податоци, како и за снимање за една страна од оригиналот по 500
б) за копирање на детални скици мануали и фотоскици или за дополнување на копии на планови со податоци од снимањето по квадратен дециметар површина на цртежот на оригиналот по 600

6. За заверка на копија од план во големина полутабак (формат 22/35) 600

а) за првиот табак (катастарски операт) 300
б) за секој нареден табак се плаќа такса 150

Органите и организациите што ги користат податоците од геодетските планови и катастарските операти и елаборати, а се финансираат од републичкиот и од општинскиот буџет, не плаќаат такса.

7. За координати

а) за тригонометриски точки со нивната положба на секоја координата по 2.000
б) за котите на реперите и нивната положба за секоја кота по 1.000
в) од полигонски и мали точки за секоја точка по 1.000

**Градежна такса**

1. За акт со кој се одобрува локација за изградба на градежни објекти 1.500
2. За акт со кој се издава урбанистичка согласност на техничката документација за изградба на градежни објекти 1.500
3. За издавање протокол на регулациони градежни објекти или градежна линија:

а) за една улица 5.000
б) за повеќе улици 7.000

За обнова на регулациони и градежни линии се плаќа 70% од соодветната такса според оваа точка, како и такса по потрошен работен час од 500 динари.

4. За актот со кој се одобрува подигање на градежен објект кој не подлежи на такса според точката 6 на ова поглавје:

а) за помали земјоделски објекти 500
б) за други градежни објекти 3.000

За акти со кои се одобрува реконструкција, проширување, доградување или поправка на градежен објект се плаќа соодветната такса според оваа точка.

5. за акт со кој се одобрува подигање на хидротехнички постројки со цел за користење на водните сили:

1) за протечни постројки (мали електрани, воденици, валавници, стругарници, мелници):

а) до 500 КС 3.000
б) над 500 до 1.000 КС 5.000
в) над 1.000 КС 15.000

2) За уреди за водоводи, наводнување, мелиорации, како и за други водозафати:

а) до 1.000 литри капацитет во 1 секунда 1.000
б) над 1.000 до 2.000 литри капацитет во 1 секунда 2.000
в) над 2.000 до 3.000 литри капацитет во 1 секунда 5.000
г) над 3.000 литри капацитет во 1 секунда 10.000

3) За решението со кое се одобрува подигање на постројки во акумулации да се плаќа такса предвидува во потточка 1), односно потточка 2) на оваа точка зголемена за 50%.

4) За одобрение за изградба што се издава според прописите за изградба на инвестициони објекти да се плаќа такса според вредноста и тоа:

| | |
|---|---|
| а) ако вредноста на објектот е до 30 милиони | 5.000 |
| б) ако вредноста на објектот е над 30 милиони динари до 50 милиони динари — 5.000 и 0,015% на вредноста над 30 милиони динари: | |
| в) ако вредноста на објектот е над 50 милиони динари до 80 милиони динари — 8.000 и 0,02%, на вредноста над 50 милиони динари | |
| г) ако вредноста на објектот е над 80 милиони динари — 14.000 и 0,03% на вредноста над 80 милиони динари | |
| д) ако вкупната вредност на објектот е поголема од 120 милиони динари | 60.000 |

6. За преглед на местото за подигање на граде жен објект или постројка, ако пресметковната вредност изнесува:

| | |
|---|---|
| а) до 50.000.000 динари | 3.000 |
| б) над 50.000.000 динари | 7.500 |

7. За преглед на градски објекти со цел за давање одобрение за употреба:

| | |
|---|---|
| 1) до 10 простории | 3.000 |
| 2) над 10 простории | 6.000 |

За преглед на други градежни објекти (нови реконструирани или адаптирани), со цел за издавање на дозвола за употреба, се плаќа 0,01% според пресметковната вредност на објектот.

| | |
|---|---|
| 8. За технички преглед на машински, електрични и други постројки, кои според постојните прописи подлежат на задолжителен преглед заради добивање одобрение за употреба, се плаќа такса по работен час | 1.500 |
| За технички преглед на моторни возила или приклучни возила што ги влечат моторните возила кои подлежат на регистрација за технички преглед на земјоделските трактори или нивните приклучни возила | 1.500 |
| Таксата од став 1 се смета за секој започнат работен час | |

**Други такси**

| | |
|---|---|
| 1. За чување (депозит на пари, предмети и хартии од вредност што депонентите му ги даваат на чување на надлежниот орган се плаќа годишно за секое започнати 5.000 динари од вредноста | 150 |

Ако вредноста на предметот не е позната, таа ќе се утврди со процена

Таксата од оваа точка се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигањето на депозитот. Започнатата година се смета како цела.

Ако депозитот по барање на депонентот се пренесува од еден депозитор кај друг, за преносот се плаќа износот на едногодишната такса.

Оваа такса не се плаќа за депозити што се полагаат по барање на државните органи односно по службена должност, ако се подигаат во рок.

| | |
|---|---|
| 2. За опомена со која обврзникот се повикува да ја плати должната такса | 300 |

Член 3

Учесниците во договорот се обврзуваат, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на овој договор, да ги усогласат своите прописи со договорот.

Член 4

Овој договор се смета склучен кога ќе го потпишат овластените претставници на учесниците во договорот.

Изменување и дополнување на овој договор може да се врши по постапка која важи за неговото склучување.

Барање за изменување и дополнување на договорот може да покренува секој учесник во договорот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој договор престанува да важи Договорот за усогласување на административните такси („Службен весник на СРМ", бр. 29/88).

Член 6

Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Потписници:

Собранието на СР Македонија, Собранието на град Скопје, Собранието на општината Берово, Собранието на општината Битола, Собранието на општината Брод Македонски, Собранието на општината Валандово, Собранието на општината Виница, Собранието на општината Гевгелија, Собранието на општината Гостивар, Собранието на општината Дебар, Собранието на општината Делчево, Собранието на општината Демир Хисар, Собранието на општината Кавадарци, Собранието на општината Карпош, Собранието на општината Кичево, Собранието на општината Кочани, Собранието на општината Кратово, Собранието на општината Крива Паланка, Собранието на општината Крушево, Собранието на општината Куманово, Собранието на општината Неготино, Собранието на општината Охрид, Собранието на општината Прилеп, Собранието на општината Пробиштип, Собранието на општината Радовиш, Собранието на општината Ресен, Собранието на општината Свети Николе, Собранието на општината Центар, Собранието на општината Кисела Вода, Собранието на општината Гази Баба, Собранието на општината Чаир, Собранието на општината Струга, Собранието на општината Струмица, Собранието на општината Тетово, Собранието на општината Титов Велес, Собранието на општината Штип.

---

**201.**

Врз основа на член 88 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ, собранијата на општините, собранијата на републичките самоуправни заедници од општествените дејности и социјалната сигурност склучуваат

# ДОГОВОР
## ЗА ОСНОВИТЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ДАНОЦИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ

Член 1

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, собранијата на општините и собранијата на републичките самоуправни интересни заедници од општествените дејности и социјалната сигурност (учесници во договорот тргнувајќи од значењето за изедначување на условите за стопанисување и од начелата дека секој е должен под еднакви услови и сразмерно на своите материјални можности да придонесува за задоволување на општите општествени и заеднички потреби, како и од потребата преку политиката на даноци и придонеси во поголема мера да се поттикнува остварувањето на целите и задачите на економската и на социјалната политика, учесниците во договорот се согласија со овој договор да се утврдат основите на политиката на даноците и при-

донесите, најниските и највисоките стапки на даноците и придонесите, како и мерките за остварување на овие цели.

Член 2

Учесниците во договорот се согласни со овој договор да ги утврдат највисоките стапки на републичките даноци и збирните стапки на придонесите за задоволување на заедничките потреби во рамките на самоуправните интересни заедници од областа на општествените дејности и социјалната сигурност.

Учесниците во договорот, во рамките на своите права и должности преземаат обврски со посебен договор, а во согласност со овој договор да ја утврдат висината на стапките, олеснувањата и ослободувањата од плаќање на општинските даноци и придонеси.

Член 3

Учесниците во договорот се согласни при утврдувањето на обврските на организациите на здружен труд, на другите самоуправни организации и заедници и граѓаните, да водат сметка за потребата со политиката на даноци и придонеси во поголема мера да го поттикнуваат производствениот труд и развојот на одделни дејности, развојот на малото стопанство, вработувањето и другите цели на општествено-економскиот развој, отстранување на причините за стекнување на доход кој не е резултат на трудот, како и за социјалната политика во тековната година.

**Даноци и придонеси на доходот на организациите на здружен труд**

Член 4

Учесниците во договорот се согласни просечната стапка на републичкиот данок од доход на организациите на здружен труд, дополнителниот републички данок од доход за ФЕНИ и на средства за поттикнување на развојот на земјоделството може да изнесува најмногу до 2,20%.

Збирната стапка на придонесите од доходот на самоуправните интересни заедници од општествените дејности и социјалната сигурност може да изнесува најмногу до 7,38% од која:

— збирната стапка на придонесите на републичките самоуправни интересни заедници од општествените дејности и социјалната сигурност од 4,38%, и

— збирната стапка на придонесите на општинските самоуправни интересни заедници и самоуправните интересни заедници на градот Скопје најмногу до 3,00%.

**Даноци и придонеси од личните доходи на работниците**

Член 5

Учесниците во договорот се согласни стапката на данокот и придонесите од личен доход на работниците да можат да изнесуваат и тоа:

— на републичкиот данок од личен доход на работниците до 1,3%;

— на придонесите на републичките самоуправни интересни заедници од општествените дејности и социјална сигурност, од стопанство до 18,20% и од нестопанството до 22,37%;

— на придонесите на општинските самоуправни интересни заедници и на самоуправните интересни заедници на градот Скопје, од стопанството 18,30% и нестопанството до 22,60%.

**Даноци и придонеси од личен доход од земјоделска дејност**

Член 6

Учесниците во договорот се согласни збирната стапка на даноците и придонесите од личниот доход од земјоделска дејност за обврзниците чија основна дејност им е земјоделската да изнесува најмногу до 55% и тоа:

— стапките на републичкиот данок од личен доход од земјоделска дејност и на придонесите на републичките самоуправни интересни заедници најмногу до 17% и

— стапките на општинскиот данок од личен доход од земјоделска дејност и на придонесите на општинските самоуправни интересни заедници до 38%.

Стапките на зафаќање по основа на даноци и придонеси од личен доход од земјоделска дејност на обврзниците на кои земјоделството не им е основна дејност збирно да изнесуваат во висина на стапките на обврзниците — земјоделци.

**Даноци и придонеси од личен доход од вршење на стопанска дејност**

Член 7

Учесниците во договорот се согласни збирната стапка на даноците и придонесите од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност да не може да биде пониска од 45% ниту повисока од 55% и тоа:

— збирните стапки на републичките даноци и придонеси на републичките самоуправни интересни заедници — 16,5% и

— збирните стапки на општинските даноци и придонесите на општинските самоуправни интересни заедници — од 27% до 38,5%.

Член 8

Учесниците во договорот се согласни стапката на данокот од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност што се плаќа според вистинскиот доход на основиците во висина од трикратниот просечен годишен личен доход на стопанството во општината да изнесува најниско 5%.

Стапките на општинскиот данок за следниве дејности да изнесуваат најниско и тоа:

— 10% за пекарска, слаткарска, козметичарска, фризерска (за жени) и цвеќарска дејност;

— 12% за златарска, месарска, прометна, автомеханичарска, автолакерска, автоелектричарска и автолимарска дејност;

— 15% за градежни услуги и услуги со градежна механизација, автопревозничка, пластичарска, за бутици (конфекција) и угостителска дејност;

Учесниците во договорот се согласни стапките на општинскиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност на основиците над трикратниот просечен годишен личен доход на стопанството во општината да бидат повисоки од стапките на општинскиот данок од овој член за пет процентни поена.

Член 9

Учесниците во договорот се согласни стапките на данокот од личен доход од вршење на стопанска дејност што се плаќа по одбивање (во процент) од секој поединечно остварен бруто-приход да изнесува од 5% до 55% зависно од видот на дејноста и од остварените приходи и тоа:

1. По стапка од 5% на:

— приходите од работи со употреба на сопствена физичка сила, товарење, растоварање, сечење на дрва, чистење и ископ на земја.

2. По стапка од 10% на:

— приходите што ги остваруваат застапниците на Југословенската лотарија од продажба на лозови;

— приходите остварени по пат на продажба на весници, списанија, книги и други публикации и сладолед;

— приходите што ги остваруваат застапниците на осигурителните заводи, инкасаторите, контролорите и туристичките информатори;

— приходите остварени од вршење на работи во рамките на статистичките истражувања (проценувачи, попишувачи итн.);

— приходите што ги остваруваат манекените (манекенките) каскадерите, артистите и филмските работници, кои остваруваат приходи од продуцентските и други организации;

— приходите на судии-поротници, судски и други вештаци, судски преведувачи и стечајни управници; и

— приходите остварени од стенографија, дактилографија, стенодактилографија, картографија, нотографија, техничка коректура и цртежи.

3. По стапка од 20% на сите останати приходи што ги остваруваат граѓаните, а кои не се наброени во овој член.

4. По стапка од 55% на приходите кои произлегуваат од граѓанско-правен однос, договор за дело, доколку не се наброени во точка 2 од овој член.

Член 10

Учесниците во договорот се согласни данокот од личен доход од самостојно вршење на стопански и на нив слични дејности за обврзниците што данокот го плаќаат во годишен паушален износ да го пропишат општините и тоа:

1) за даночните обврзници што се занимаваат со земјоделска дејност, а стопанската дејност ја вршат како споредна дејност — од 200.000 до 600.000 динари;

2) за даночните обврзници што стопанската дејност ја вршат без деловна просторија, освен превозниците со товарни патнички моторни возила и обврзниците што вршат градежни услуги — од 300.000 до 800.000 динари;

3) за даночните обврзници што вршат услуги повремено и без постојано место на работа — од 400.000 до 900.000 динари;

4) за даночните обврзници што вршат услуги претежно со употреба на сопствена работна сила (чистачи на чевли, носачи, сечачи на дрва и др.) — од 100.000 до 500.000 динари;

5) за даночните обврзници — инвалиди, со инвалидност од најмалку 50%, под услов да не користат дополнителен труд повеќе од еден работник — од 100.000 до 500.000 динари; и

6) за даночните обврзници постари од 60 години — мажи и 55 години жени, што вршат занаетчиски и други услуги а дејноста ја вршат сами — од 100.000 до 500.000 динари.

Член 11

Учесниците во договорот се согласни, даночните ослободувања и олеснувања утврдени со Законот за даноците на граѓаните и Законот за републичките даноци на граѓаните да важат и за наредната година.

Даночните обврзници на данокот од стопанска дејност кои за прв пат почнуваат да вршат стопанска дејност се ослободуваат од плаќање на данок за време од две години, а за третата им се дава олеснување во вид на намалување на данокот од 50%, доколку најмалку уште три години продолжат со вршење на дејноста.

Ако даночниот обврзник престане да ја врши дејноста пред истекот на рокот од три години должен е да го плати данокот зголемен со казнена камата со примена на стапки што важеле во тој период.

**Даноци и придонеси од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност**

Член 12

Учесниците во договорот се согласни стапката на данокот од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност што се плаќа според вистинскиот доход на основиците во висина до трикратниот просечен личен доход на стопанството во општината за годината за која се врши облогот да изнесува најниско 5%.

Учесниците во договорот се согласни стапките на данокот од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност на основиците над трикратниот просечен годишен личен доход на стопанството во општината да бидат повисоки од стапките на општинскиот данок од став 1, на овој член најмалку за пет процентни поена.

Стапките на придонесите на самоуправните интересни заедници збирно да изнесуваат во висина на збирот на стапките што ги плаќаат работниците во нестопанските дејности.

Член 13

Учесниците во договорот се согласија да обезбедат годишниот паушален износ на данокот од професионална дејност да изнесува најмалку 2% од годишниот просечен личен доход на работниците во здружениот труд во Републиката.

**Данок од надоместок од авторски права, патенти и технички унапредувања**

Член 14

Учесниците во договорот се согласни стапките на данокот од надоместокот од авторски права, патенти и технички унапредувања да изнесуваат од 7% до 25% во зависност од видот на авторското право, односно творба а за надоместоци за патенти и технички унапредувања 3%.

Член 15

Учесниците во договорот се согласни стапките на надоместокот од авторски права, патенти и технички унапредувања, кој се плаќа во процент од секој поединечно остварен бруто-приход, да изнесува 7% на надоместокот за патенти и технички унапредувања — 3%.

Член 16

Учесниците во договорот се согласни да пропишат зголемена стапка од 50% за надоместокот од авторски права, патенти и технички унапредувања за обврзниците на данокот што остваруваат надоместок по основа на пренесено односно наследено авторско право.

**Данок на приходи од имот и имотни права**

Член 17

Учесниците во договорот се согласни да пропишат стапки на данокот од приходи на имот и имотни права да изнесуваат:

| На основица | | | Се плаќа данок (износ и стапка) | | На основица над |
|---|---|---|---|---|---|
| | до | 400.000 д. | | 15% | |
| од 400.000 | до | 600.000 д. | 60.000 | + 20% | над 400.000 |
| од 600.000 | до | 800.000 д. | 100.000 | + 25% | над 600.000 |
| од 800.000 | до | 1.000.000 д. | 150.000 | + 35% | над 800.000 |
| од 1.000.000 | до | 1.200.000 д. | 220.000 | + 45% | над 1.000.000 |
| од 1.200.000 | до | 1.400.000 д. | 350.000 | + 55% | над 1.200.000 |
| | над | 1.400.000 д. | 420.000 | + 70% | над 1.400.000 |

Член 18

Учесниците во договорот се согласни да пропишат стапка на данокот од приходи од имот и имотни права од 20% за странски физички и правни лица.

**Данок на имот**

Член 19

Учесниците во договорот се согласни данокот на имот да се плаќа во годишен паушален износ по $м^2$, по следните износи:

**1. Станбени згради и станови**

**2) Станбени згради и станови изградени од цврст материјал**

| Ако површината изнесува $м^2$ | | Се плаќа данок износ и по $м^2$ динари | | На површина над $м^2$ |
|---|---|---|---|---|
| | до 45 $м^2$ | | 700 дин. | |
| од 45 | до 60 $м^2$ | 31.500 | + 900 дин. | 45 $м^2$ |
| од 60 | до 80 $м^2$ | 45.000 | + 1100 дин. | 60 $м^2$ |
| од 80 | до 100 $м^2$ | 67.000 | + 1300 дин. | 80 $м^2$ |
| од 100 | до 120 $м^2$ | 93.000 | + 1500 дин. | 100 $м^2$ |
| од 120 | до 150 $м^2$ | 123.000 | + 1700 дин. | 120 $м^2$ |
| од 150 | до 200 $м^2$ | 164.000 | + 1900 дин. | 150 $м^2$ |
| од 200 | до 250 $м^2$ | 259.000 | + 2100 дин. | 200 $м^2$ |
| од 250 | до 300 $м^2$ | 364.000 | + 2300 дин. | 260 $м^2$ |
| над | 300 $м^2$ | 479.000 | + 2500 дин. | 300 $м^2$ |

**3) Станбени згради и станови изградени од мешовитиот материјал**

| Ако површината износува м$^2$ | Се плаќа данок износ и по м$^2$ динари | На површината над м$^2$ |
|---|---|---|
| до 45 м$^2$ | 500 дин. | |
| од 45 до 60 м$^2$ | 22.500 + 700 дин. | 45 м$^2$ |
| од 60 до 80 м$^2$ | 33.000 + 900 дин. | 60 м$^2$ |
| од 80 до 100 м$^2$ | 51.000 + 1100 дин. | 80 м$^2$ |
| од 100 до 120 м$^2$ | 73.000 + 1300 дин. | 100 м$^2$ |
| од 120 до 150 м$^2$ | 99.000 + 1500 дин. | 120 м$^2$ |
| од 150 до 200 м$^2$ | 144.000 + 1.700 дин. | 150 м$^2$ |
| од 200 до 250 м$^2$ | 229.000 + 1900 дин. | 200 м$^2$ |
| од 250 до 300 м$^2$ | 324.000 + 2100 дин. | 250 м$^2$ |
| над 300 м$^2$ | 429.000 + 2300 дин. | 300 м$^2$ |

**2. Згради и станови за одмор и закрепнување**
**а) згради и станови за одмор и закрепнување од цврст материјал**

| Ако површината износува м$^2$ | Се плаќа данок износ и по м$^2$ динари | На површина над м$^2$ |
|---|---|---|
| до 30 м$^2$ | 800 дин. | |
| од 30 до 45 м$^2$ | 24.000 + 1.200 дин. | 30 м$^2$ |
| од 45 до 60 м$^2$ | 42.000 + 1.600 дин. | 45 м$^2$ |
| од 60 до 80 м$^2$ | 66.000 + 2.000 дин. | 60 м$^2$ |
| од 80 до 100 м$^2$ | 106.000 + 2.400 дин. | 80 м$^2$ |
| од 100 до 120 м$^2$ | 154.000 + 2.800 дин. | 100 м$^2$ |
| од 120 до 150 м$^2$ | 200.000 + 3.200 дин. | 120 м$^2$ |
| од 150 до 200 м$^2$ | 306.000 + 3.000 дин. | 150 м$^2$ |
| од 200 до 250 м$^2$ | 496.000 + 4.000 дин. | 200 м$^2$ |
| над 250 м$^2$ | 636.000 + 4.400 дин. | 250 м$^2$ |

**б) Згради и станови за одмор и закрепнување од мешовитиот материјал**

| | | |
|---|---|---|
| до 30 м$^2$ | 600 дин. | |
| од 30 до 45 м$^2$ | 18.000 + 900 дин. | 30 м$^2$ |
| од 45 до 60 м$^2$ | 31.500 + 1200 дин. | 45 м$^2$ |
| од 60 до 80 м$^2$ | 49.500 + 1500 дин. | 60 м$^2$ |
| од 80 до 100 м$^2$ | 79.500 + 1800 дин. | 80 м$^2$ |
| од 100 до 120 м$^2$ | 105.500 + 2100 дин. | 100 м$^2$ |
| од 120 до 150 м$^2$ | 145.500 + 2400 дин. | 120 м$^2$ |
| од 150 до 200 м$^2$ | 219.500 + 2700 дин. | 150 м$^2$ |
| од 200 до 250 м$^2$ | 354.500 + 3000 дин. | 200 м$^2$ |
| над 250 м$^2$ | 504.500 + 3300 дин. | 250 м$^2$ |

**3. Деловни згради и простории**
**а) Деловни згради и простории од цврст материјал**

| Ако површината износува м$^2$ | Се плаќа данок износ и по м$^2$ динари | На површина над м$^2$ |
|---|---|---|
| до 30 м$^2$ | 900 дин. | |
| од 30 до 45 м$^2$ | 27.000 + 1400 дин. | 30 м$^2$ |
| од 45 до 60 м$^2$ | 48.000 + 1900 дин. | 45 м$^2$ |
| од 60 до 80 м$^2$ | 76.500 + 2400 дин. | 60 м$^2$ |
| од 80 до 100 м$^2$ | 124.500 + 2900 дин. | 80 м$^2$ |
| од 100 до 120 м$^2$ | 182.500 + 3400 дин. | 100 м$^2$ |
| од 120 до 150 м$^2$ | 250.500 + 3900 дин. | 120 м$^2$ |
| од 150 до 200 м$^2$ | 367.500 + 4400 дин. | 150 м$^2$ |
| од 200 до 250 м$^2$ | 587.500 + 4900 дин. | 200 м$^2$ |
| над 250 м$^2$ | 832.500 + 5400 дин | 250 м$^2$ |

б) деловни згради и простории од мешовит материјал

| | | |
|---|---|---|
| до 30 м$^2$ | 800 дин. | |
| од 30 до 45 м$^2$ | 24.000 + 1200 дин. | 30 м$^2$ |
| од 45 до 60 м$^2$ | 42.000 + 1600 дин. | 45 м$^2$ |
| од 60 до 80 м$^2$ | 66.000 + 2000 дин. | 60 м$^2$ |
| од 80 до 100 м$^2$ | 106.000 + 2400 дин. | 80 м$^2$ |
| од 100 до 120 м$^2$ | 154.000 + 2800 дин. | 100 м$^2$ |
| од 120 до 150 м$^2$ | 200.000 + 3200 дин. | 120 м$^2$ |
| од 150 до 200 м$^2$ | 306.000 + 3600 дин. | 150 м$^2$ |
| од 200 до 250 м$^2$ | 496.000 + 4000 дин. | 200 м$^2$ |
| над 250 м$^2$ | 686.000 + 4400 дин. | 250 м$^2$ |

Член 20

Учесниците во договорот се обврзуваат да пропишат данок на имот за движен имот да се плаќа и тоа:

**1. За патнички моторни возила**

— со работна зафатнина на моторот над 1,6 Л до 2,0 Л, во износ од 60.000 динари; и

— со работна зафатнина на моторот над 2.0 Л, во износ од 100.000 динари.

**2. Товарни моторни и приклучни возила и тоа:**

— за товарните моторни и приклучни возила, во износ од 100.000 динари од тон носивост;

— за трактори во износ од 50.000 динари;

— за тракторски приколки 25.000 по тон на носивост; и

— за комбајн во износ од 250.000 динари,

**3. Пловни објекти**

За пловни објекти над 8 м. должина, во износ од 100.000 динари.

**Данок на наследство и подарок**

Член 21

Учесниците во договорот се согласни данокот на наследство и подарок за втор и натамошен наследен ред да се плаќа по следниве стапки:

| Ако даночната основица износува | | Стапка |
|---|---|---|
| | до 15.000.000 | 5% |
| 15.000.000 | до 40.000.000 | 10% |
| 40.000.000 | до 70.000.000 | 15% |
| 70.000.000 | до 90.000.000 | 20% |
| 90.000.000 | до 110.000.000 | 25% |
| 110.000.000 | до 130.000.000 | 30% |
| над | 130.000.000 | 40% |

Учесниците во договорот се согласни данокот на наследство и подарок за обврзниците кои во однос на оставителот односно дарителот не се наоѓаат во наследен ред да се плаќа по стапките предвидени во член 24 од овој договор.

**Данок на добивка од игри на среќа**

Член 22

Учесниците во договорот се согласни стапката на општинскиот данок на добивка од игри на среќа да изнесува

| над | На основица до | износ | се плаќа данок стапка | |
|---|---|---|---|---|
| 150.000 | 600.000 | | 15% | на ос. над |
| 600.000 | 3.000.000 | 67.500 + | 17% | 600.000 |
| 3.000.000 | 15.000.000 | 475.500 + | 20% | 3.000.000 |
| 15.000.000 | 30.000.000 | 2.875.500 + | 25% | 15.000.000 |
| 30.000.000 | | 6.625.500 + | 30% | 30.000.000 |

Член 23

Учесниците во договорот се согласни стапката на општинскиот данок на промет на недвижности и права да изнесува 15% на прометната вредност на градежните објекти, а на разликата помеѓу прометната и градежната вредност да се плаќа по м$^2$ на име данок и тоа:

| Разлика по м$^2$ динари | Се плаќа данок (износ и стапка) | На разлика над |
|---|---|---|
| до 8.000 | 10% | |
| 8.000 до 10.000 | 800 + 15% | 8.000 дин. |
| 10.000 до 30.000 | 1.100 + 20% | 10.000 дин. |
| 30.000 до 50.000 | 5.100 + 25% | 30.000 дин. |
| 50.000 до 70.000 | 10.100 + 30% | 50.000 дин. |
| 70.000 до 100.000 | 16.100 + 40% | 70.000 дин. |
| над 100.000 | 28.100 + 50% | 100.000 дин. |

Член 24

Учесниците во договорот се согласни стапките на данокот на промет на недвижности и права да изнесуваат и тоа:

— за земјоделско земјиште — 15% на прометната вредност по м²; и

— за градежно земјиште што не е поопштествено и друго земјиште што не служи за земјоделски цели, според прометната вредност по м² и тоа:

| На основица по м² | | | | Стапка |
|---|---|---|---|---|
| | | до | 3.000 | 20% |
| над | 3.000 | до | 4.000 | 25% |
| над | 4.000 | до | 5.000 | 30% |
| над | 5.000 | до | 6.000 | 35% |
| над | 6.000 | до | 7.000 | 40% |
| над | 7.000 | до | 8.000 | 45% |
| над | 8.000 | до | 9.000 | 50% |
| | над | | 9.000 | 55% |

**Данок на вкупниот приход на граѓаните**

Член 25

Учесниците во договорот се согласни да обезбедат данок на вкупниот приход на граѓаните да се плаќа по следниве стапки:

| Ако основицата на данокот изнесува | | | Се плаќа данок износ и стапка | | На основица над |
|---|---|---|---|---|---|
| | до | 1.000.000 | | 3% | |
| 1.000.000 | до | 2.000.000 | 30.000 | 6% | 1.000.000 |
| 2.000.000 | до | 3.000.000 | 90.000 | 11% | 2.000.000 |
| 3.000.000 | до | 4.000.000 | 200.000 | 17% | 3.000.000 |
| 4.000.000 | до | 6.000.000 | 370.000 | 25% | 4.000.000 |
| 6.000.000 | до | 8.000.000 | 870.000 | 34% | 6.000.000 |
| 8.000.000 | до | 10.000.000 | 1550.000 | 44% | 8.000.000 |
| 10.000.000 | до | 12.000.000 | 2430.000 | 55% | 10.000.000 |
| 12.000.000 | до | 14.000.000 | 3530.000 | 67% | 12.000.000 |
| | над | 14.000.000 | 4870.000 | 80% | 14.000.000 |

Член 26

Учесниците во договорот се согласни спроведувањето на овој договор да го следи Извршниот совет на Собранието на СРМ, да ги известува учесниците и да им предлага мерки во врска со неговото спроведување.

Член 27

Овој договор се смета за склучен кога ќе го потпишат овластените претставници на учесниците во овој договор.

Член 28

Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Потписници:

Собранието на СР Македонија, Собранието на општината Берово, Собранието на општината Битола, Собранието на општината Брод Македонски, Собранието на општината Валандово, Собранието на општината Виница, Собранието на општината Гевгелија, Собранието на општината Гостивар, Собранието на општината Дебар, Собранието на општината Делчево, Собранието на општината Демир Хисар, Собранието на општината Кавадарци, Собранието на општината Карпош, Собранието на општината Кичево, Собранието на општината Кочани, Собранието на општината Кратово, Собранието на општината Крива Паланка, Собранието на општината Крушево, Собранието на општината Куманово, Собранието на општината Неготино, Собранието на општината Охрид, Собранието на општината Прилеп, Собранието на општината Пробиштип, Собранието на општината Радовиш, Собранието на општината Ресен, Собранието на општината Свети Николе, Собранието на општината Центар, Собранието на општината Кисела Вода, Собранието на општината Гази Баба, Собранието на општината Чаир, Собранието на општината Струга, Собранието на општината Струмица, Собранието на општината Тетово, Собранието на општината Титов Велес, Собранието на општината Штип, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, Собранието на Републичката заедница за научно-истражувачка дејност, Собранието на Републичката самоуправна интерересна заедница на културата, Собранието на Републичката самоуправна заедница за вработување, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Собранието на Републичката заедница за насочено образование.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА СИЗ ЗА ПАТИШТА

**202.**

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86 и 28/88), и член 18 од Статутот на Републичката СИЗ за патишта, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта — Скопје, на седницата одржана на 25 мај 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

I) За моторни и приклучни возила се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта (во натамошниот текст: патарина) за периодот од 12 месеци и тоа:

1. Товарни возила:

а) За товарни возила (камиони и камионети), за специјални товарни возила наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

— носивост до 3 тони 66.400 дин. за секој тон носивост,

— со носивост над 3 до 8 тони 198.600 дин. + 89.400 динари за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 до 10 тони 646.000 динари + 96.000 за секој тон носивост над 8 тони;

— со носивост над 10 тони 838.000 динари + 112.000 динари за секој тон носивост над 10 тони.

Ако носивоста на товарното возила не е изразено во цели тони, патарината се плаќа за носивост до половина тон во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина до полн тон — во износ определен за цел тон.

б) За товарни трицикли со носивост до 400 кгр. — како за моторциклите наведени во оваа точка под

9 според работната зафатнина на моторот, а за товарните трицикли со носивост над 400 кгр. + 7600 динари.

2. За автобуси, комбибуси и комбинирани возила (комби) за превоз на патници 7.600 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење во овие возила.

3. За работни возила без оглед на носивоста и тежината 18.800 динари за секое возило.

Работни возила во смисол на оваа точка се: противпожарни возила, кинематографски возила, возила за телевизиско снимање, амбулантни возила за радиофлуорографско снимање, возила за дезинфекција, возила за чистење на јавни површини, авто дигалки, возила механичарски работилници, возила автомобилски скалила, возила чистачи на снег, возила за превоз на оштетени возила и други возила во овој смисол.

4. За приклучни возила

а) За товарни приколки и за специјални товарни приколки наменети за превоз на определени товари според носивоста и тоа:

— носивост до 3 тони 35.400 динари за секој тон носивост

— со носивост над 3 до 8 тони 106.600 динари + 49.000 динари за секој тон носивост над 3 тони.

— со носивост над 8 тони до 10 тони 349.400 динари + 57.000 динари за секој тон носивост над 8 тони,

— со носивост над 10 тони 493.400 динари + 72.600 динари за секој тон носивост — над 10 тони.

Ако носивоста на товарната приколка не е изразена во цели тони патарината се плаќа за носивост до половина тон — во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон — во износ определен за цел тон.

б) За патнички автобуски приколки 8.600 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење.

в) За работни приколки 8.600 динари за секоја приколка без оглед на тежината.

5. За влечни возила

| а) За трактори | | | динари |
|---|---|---|---|
| — до 18 | kW | (25 кS) | 13.600 |
| — над 18—29 | kW | (25—40 кS) | 20.000 |
| — над 29—46 | kW | (40—65 кS) | 27.400 |
| — над 46 | kW (над 65 кS) | | 34.000 |

б) За теглачи со полуприколка до 10 тони носивост како за товарни возила наведени во оваа точка под 1 според носивоста на приколката, а за секој тон носивост на полуприколката над 10 тони по 73.600 динари.

Ако се регистрира само теглач, не се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта.

6. За специјални возила за превоз на определени лица 18.600 динари за секое возило.

7. За патнички возила според зафатнината на моторот и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| — до | 900 | см³ | | 27.000 |
| — над | 900 | до | 1350 см³ | 40.000 |
| — над | 1350 | до | 1800 см³ | 58.000 |
| — над | 1800 | до | 2500 см³ | 85.000 |
| — над | 2500 | до | 3150 см³ | 127.000 |
| — над | 3150 | см³ | | 184.000 |

8. Патничките возила од точка 7 кои се преуредени за погон на плин, освен патарината од оваа точка, плаќаат годишно и додатни надоместоци во висина од 50.000 динари, а такси возилата + 143.000 динари.

9. За моторцикли според работната зафатнина на моторот и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| — до | 125 | см³ | | 8.600 |
| — над | 125 | до | 250 см³ | 12.000 |
| — над | 250 | до | 500 см³ | 15.600 |
| — над | 500 | до | 1.000 см³ | 18.600 |
| — над | 1000 | см³ | | 22.000 |

10. За комбинирани возила:

— за секој тон носивост по 66.400 динари + 7.600 динари за секое патничко седиште.

II) Имателите на моторни возила плаќаат надоместок пред поднесување барањето за регистрација односно продолжување на регистрацијата на возилата и тоа во еднократен износ однапред за 12 месеци, опфаќајќи го и месецот во кој се врши регистрацијата односно продолжување на регистрацијата.

III) По исклучок, транспортните организации на здружениот труд можат надоместокот да го плаќаат во рати, секои три месеци однапред, во износ од една четвртина на тој надоместок.

Имателот на моторното возило што привремено го регистрира своето возило за време покусо од 12 месеци плаќа сразмерен дел на надоместокот за тој временски период.

IV) Ако имателот на моторното возило или приклучно возило, возилото го одјави пред истекот на времето за кое платил патарина, може во рок од 3 месеци по одјавувањето да бара враќање на платена патарина за сите преостанати цели месеци кај Општинскиот орган на управата надлежен за финансии.

V) За отуѓено моторно возило или приклучно возило, за кое е платена патарина по точка 1 на оваа одлука новиот имател за тоа време не треба да плаќа патарина.

VI) Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за користење на јавните патишта што се плаќаат на моторните и приклучните возила („Службен весник на СРМ“ бр. 2/89).

VII) Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 14-923/4
25 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**203.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Скопје, на заедничка седница на сите собори, одржана на 7 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во член 2 став 1 точка 1 од Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 44/88 и 14/89), бројката „700“ се заменува со бројката „1500“.

Член 2

Во член 4 став 1 точка 2, точката и запирката на крајот се бришат и додаваат зборовите: „и за добивање на ортопедски справи и помагала во врска со повреда на работа и професионални болести“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1270/1
7 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

**204.**

Врз основа на член 64 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Скопје, на заедничка седница на сите собори, одржана на 7 јуни 1989 година, донесе

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на кој ќе се врши пропишување и издавање на лекови.

Член 2

Лекови можат да пропишуваат само лекари од општа медицина и лекари стоматолози кои имаат право самостојно да укажуваат здравствена заштита, како и лекари специјалисти од општа медицина, медицина на трудот, гинекологија, педијатрија, стоматологија, пнеумофтизиологија, радиологија, физикална медицина и рехабилитација, дерматовенерологија и училишна медицина кои работат во примарната здравствена заштита.

Член 3

Пропишувањето и издавањето на лекови на корисниците на правата од здравствена заштита се врши на образец рецепт и тоа:

1. Образец РП-1 — рецепт за работничко осигурување во бела боја на бездрвна педесетграмска хартија со формат 10 x 20 см;

2. Образец РП-2 — рецепт за корисници ослободени од партиципација, во сина боја на кулер педесет и шест грамска хартија со формат 10 x 20 см.

3. Образец РП-3 — рецепт за земјоделско осигурување во зелена боја на кулер педесет и шест грамска хартија со формат 10 x 20 см;

4. Образец РП-4 — рецепт за осигурување по конвенции во жолта боја на кулер педесет и шест грамска хартија со формат 10 x 20 см.

Член 4

На еден рецепт може да се препише само еден лек и само за едно лице.

Член 5

Образецот на рецепт од член 3 став 1 точка 1, 2, 3 и 4 од овој правилник е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за обрасците за евиденција во спроведувањето на здравственото осигурување, во делот што се однесува за пропишување на образецот рецепт („Службен весник на СРМ“ бр. 21/72), донесено од републичкиот секретар за труд.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 08-1267/1
7 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

А Образец РП - 1

**РЕЦЕПТ ЗА РАБОТНИЧКО ОСИГУРУВАЊЕ**

СИЗ за здравствена заштита: ..........

Име и презиме на корисникот на лекот: ..........

Адреса: __________

Возраст (за деца до 15 год.): __________

Б

1 Регистарски број — 2 Бр. на здр. картон

3 Матичен број на корисникот — 4 Корисник — 5 Пол — 6 Срод.

7 З. О. — 8 Др. на Мед./Стом. — 9 ПП Спец.

В

**Rp.**

11 Дијагноза

Дата — Пот. фарма. — Дата — Пот. леч. Д-р.

Печат на аптека — Печат на З. О.

Г

12 Шифра на аптека — 13 Шифра на лек — 14 Бр. пак. — 15 Количина

16 Г. О. — 17 Подгрупа — 18 Цена на суровина — 19 Вид. усл.

А Образец РП - 2

**РЕЦЕПТ ЗА КОРИСНИЦИ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА**

СИЗ за здравствена заштита: ..........

Име и презиме на корисникот на лекот: ..........

Адреса: __________

Возраст (за деца до 15 год.): __________

Б

1 Регистарски број — 2 Бр. на здр. картон

3 Матичен број на корисникот — 4 Корисник — 5 Пол — 6 Срод.

7 З. О. — 8 Др. на Мед./Стом. — 9 ПП Спец.

В

**Rp.**

10 По одд. — 11 Дијагноза

Дата — Пот. фарма. — Дата — Пот. леч. Др.

Печат на аптека — Печат на З. О.

Г

12 Шифра на аптека — 13 Шифра на лек — 14 Бр. пак. — 15 Количина

16 Г. О. — 17 Подгрупа — 18 Цена на суровина — 19 Вид. усл.

А: Образец РП-3

**РЕЦЕПТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

СИЗ за здравствена заштита: ..................

Име и презиме на корисникот на лекот: ..................

Адреса: ..................

Возраст (за деца до 15 год.): ..................

Б

1 Шифра на општина — 2 Бр. на здр. картон

3 Матичен број на корисникот — 5 Пол — 6 Срод.

7 З. О. — 8 Др. на Мед./Стом. — 9 ПП Спец.

В

**Rp.**

10 По одд. — 11 Дијагноза

Дата — Пот. фарма. — Дата — Пот. печ. Д-р.

Печат на аптека — Печат на З. О.

Г

12 Шифра на аптека — 13 Шифра на лек — 14 Бр. пак. — 15 Количина

16 Г. О. — 17 Подгрупа — 18 Цена на суровина — 19 Вид. усл.

А Образец РП-4

**РЕЦЕПТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПО КОНВЕНЦИЈА**

СИЗ за здравствена заштита: ..................

Име и презиме на корисникот на лекот: ..................

Адреса: ..................

Возраст (за деца до 15 год.): ..................

Б

1 Регистарски број — 2 Бр. на здр. картон

3 Матичен број на корисникот — 20 Др. — 5 Пол — 6 Срод.

7 З. О. — 8 Др. на Мед./Стом. — 9 ПП Спец.

В

**Rp.**

10 По одд. — 11 Дијагноза

Дата — Пот. фарма. — Дата — Пот. печ. Д-р

Печат на аптека — Печат на З. О.

Г

12 Шифра на аптека — 13 Шифра на лек — 14 Бр. пак. — 15 Количина

16 Г. О. — 17 Подгрупа — 18 Цена на суровина — 19 Вид. усл.

## ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

**205.**

Врз основа на член 7 став 4 и член 9 од Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка од периодот јануари — јуни 1989 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 77/88 и 17/89), а согласно на член 46 алинеја 10 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, Извршниот одбор на Собранието на ОСИЗ за социјална заштита на седницата одржана на 12 мај 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

Член 1

Се намалува стапката на придонесот од доходот од стопанство и тоа од 0,38% на 0,35%.

Член 2

Уплатата на придонесот од доход од стопанство по стапка од 0,35% ќе се применува од 1 мај 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Член 4

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката бр. 0801-48/1 од 12 мај 1989 година во член 1 точка 1 се изменува само стапката на придонес од доход од стопанство на 0,35% со важност од 1 мај 1989 година.

Бр. 0801-48/2 — Претседател,
12 мај 1989 година — **Љубиша Влаховиќ**, с. р.
Гостивар

**206.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за самоуправните интересни заедници, член 19 од Самоуправната спогодба за основање на интересна заедница за социјална заштита, член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/86) и член 46 алинеја 10 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, Извршниот одбор на Собранието на ОСИЗ за социјална заштита на седницата одржана на 12 мај 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

I

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за обезбедување средства на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар и тоа:

1. придонес од доходот од стопанство по стапка од 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанство по стапка од 0,30%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 1%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност по стапка од 1%;
5. придонес од личен доход од нестопански дејности по стапка од 1%;
6. придонес од личен доход од даночни обврзници од стопанска и професионална дејност кој данокот го плаќаат во паушален износ по стапка од 10%.

II

Обврзници на придонесот од доход за социјална заштита се основните организации на Здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

III

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на Здружен труд претставува остварениот доход. Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на Здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со

процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на Здружен труд.

IV

Обврзниците од точка 2 на оваа одлука придонесот од доход за ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, го плаќаат по стапка од 0,38%.

V

Работниците што остваруваат личен доход од работен однос освен работниците и вработените кај обврзниците од областа на дејноста од 01 до 11, плаќаат придонес за ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, од личен доход од работен однос по стапка од 0,30%.

Организациите на Здружен труд од основното, средно насочено образование, ученичките домови и од социјалната заштита ќе уплатат придонес во висина од 50%, а организациите од општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од општата стапка на придонесот од личен доход од работен однос што ја уплатуваат организациите на Здружен труд и другите корисници на општествени средства утврдени во став 1 на оваа точка.

VI

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок на доходот на организациите на Здружен труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноци на граѓаните.

VII

Со денот на влегувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на стапките на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, под бр. 0801-34 од 28 март 1989 година.

VIII

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0801-48/1
12 мај 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Љубиша Влаховиќ**, с. р.


**НИРО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ РАСПОЛАГА СО СЛЕДНИТЕ ИЗДАНИЈА:**

**ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД**
**(Пречистен текст)** **Цена 32.500 дин.**

**КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СФРЈ И КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СРМ**
**Трето изменето и дополнето издание** **Цена 27.500 дин.**

**ЗАКОН ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 30.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД СЕМЕЈНОТО ПРАВО**
**— со судска практика и со предметен регистар —**
**Трето изменето и дополнето издание**
**Цена 25.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРАВО**
**— со предговор и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 15.000 дин**

**ЗАКОН ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА И ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ**
**— со упатство —**
**Цена 4.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 17.500 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО И ВОНПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 24.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**
**Цена 17.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ И ЗАКОН ЗА СУДОВИТЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ**
**Цена 10.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА**
**(Пречистен текст)**
**Цена 22.500 дин.**

**ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1980—1984 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**книга III**
**Цена 35.000 дин.**

**ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1975—1979 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**книга II**
**Цена 20.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ**
**Цена 20.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**Цена 15.000 дин.**


**СОДРЖИНА**


415. Одлука за помилување на осудени лица — 429
416. Одлука за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност за цени за определени производи — 429
417. Одлука за распоредување на средства од игрите на среќа и од забавните игри на автомати во 1989 година — 430
418. Одлука за изменување на Програмата за користење средства за изградба, доградба, адаптација и опремување на правосудните згради и казнено-поправните установи за 1989 година — 430
419. Одлука за доделување на наградата „25 Мај" за 1988 година — 430
420. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 190/88 од 5 април 1989 година — 431
421. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 169/88 од 10 мај 1989 година — 432
422. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 19/89 од 10 мај 1989 година — 433

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

200. Договор за усогласување на административните такси — 433
201. Договор за основите на политиката на даноците и придонесите — 436

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

202. Одлука за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на јавните патишта што се плаќаат на моторни и приклучни возила — 440
203. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита — 441
204. Правилник за пропишување на образец за пропишување и издавање на лекови — 442
205. Одлука за намалување на висината на стапките на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар — 443
206. Одлука за утврдување на висината на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар — 443


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов" бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**